Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 346//0306
16.09 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 29.08.2025 година, врз основа на примена жалба од **Орхан Куртиши** го донесе следново:

**МИСЛЕЊЕ**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Текстот со наслов „**Скандал во Македонски пошти: Осудени 9 вработени Албанци“,** објавен од интернет порталот – онлајн медиум Топ24.мк (top24.mk) на 11.08.2025 г., отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот до СЕММ на 13.08.2025 г., упати жалба за текстот со наслов „Скандал во Македонски пошти: Осудени 9 вработени Албанци“, објавен од интернет порталот – онлајн медиум Топ24.мк (top24.mk) на 11.08.2025 г., при што се жали на неточно и нефер известување, говор на омраза и нарушување на приватноста.

Во жалбата нема пошироко образложение од страна на жалителот.

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот).

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата, стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби.

До СЕММ во предвидениот рок беше доставен одговор од медиумот во кој жалбата се отфрла како неоснована и, меѓу другото, се наведува:

„На ден 10.08.2025 преку телефонски повик на службен телефон имавме поплака од група вработени во Македонски Пошти дека се казнети од страна на директорот. По примена жалба Топ24 се трудеше да стапи во контакт со Македонски Пошти преку нивните телефони **+389 02 3105 113 и +389 02 3105 110,** но на истите броеви не се јавуваше никој. Утредента истата вест со иста жалба пред да се објави на Топ24 е објавена на локалниот портал. Во објавената содржина нема говор на омраза и нарушување на приватноста врз основа на Законот за заштита на лични податоци.

До сега, од страна на директорот или раководните лица на Македонски Пошти не сме примиле било каков меил со кој би го демантирале тоа, а ние истото да не го објавиме...“

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов „Скандал во Македонски пошти: Осудени 9 вработени Албанци“, објавен од интернет порталот – онлајн медиум Топ24.мк (top24.mk) на 11.08.2025 г., отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што се прекршени член 1 и член 10 од Кодексот на новинарите на Македонија.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО**

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за текст кој се занимава со политиките на Македонски пошти кон своите вработени, што е тема од јавен интерес, со оглед на фактот дека станува збор за голема компанија во државна сопственост.

Комисијата констатира дека обидот на редакцијата да се оправда со телефонски повик на кој се бирани броеви на Секторот за маркетинг и продажба не може да се смета за сериозен напор за проверка на информациите. Македонски пошти имаат и електронска адреса и мобилен телефон на кој може да се побараат информации за секој регионален центар посебно. Медиумот наведува и дека друг локален портал ја објавил истата информација. Но тоа не е професионално оправдување. Не може сериозни обвинувања за етничка селекција и политички реваншизам да се објават без документи, без официјален став и без елементарна проверка.

За Комисијата дополнителен проблем е што текстот ја нагласува етничката припадност на казнетите, со што имплицира постоење на дискриминација врз етничка основа, но без наведување никакви докази. Исто како што тврдењето дека не бил испратен демант не може да се толкува како факт дека информацијата е точна или дури и да е точна таа нема контекст, во смисла на појаснување зошто се изречени казните и за какви дисциплински прекршоци се работи.

Поради овие аргументи, Комисијата заклучи дека се прекршени членовите 1 и 10 од Кодексот на новинарите кои ја регулираат оваа материја:

**Член 1**

Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно.

**Член 10**

Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка…).

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Сефер Тахири, Тамара Чаусидис, Жана Божиновска и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk    info@semm.mk    (02) 3222-595